**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 47 став 1 точка 6 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/2010) и член 27 став 3 од Законот за заштита на потрошувачите при договори за потрошувачки кредит („Службен весник на Република Македонија" бр. 51/2011), Советот на Народната банка на Република Македонија донесе

# ОДЛУКА
## за доставување список на кредитни посредници
## („Службен весник на Република Македонија" бр. 91/2011)

### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

1. Со оваа одлука се пропишува начинот и постапката според кои банката е должна до Народната банка на Република Македонија (во понатамошниот текст: Народната банка) да доставува список на кредитните посредници на кои им дала овластување за кредитен посредник.

### II. СПИСОК НА КРЕДИТНИ ПОСРЕДНИЦИ

2. Банката е должна, најдоцна до 31 март во тековната година, до Народната банка да достави Список за кредитни посредници (образец КП), којшто е составен дел на оваа одлука.

Во Списокот за кредитни посредници, банката ги наведува сите кредитни посредници на кои им дала писмено овластување за посредување, заедно со податоци за видот и обемот на активностите на секој од кредитните посредници во текот на претходната календарска година.

3. На посебно барање на Народната банка, банката е должна да достави образец КП и за друг период различен од периодот од точка 2 став 1 од оваа одлука.

### III. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

4. Одредбите од оваа одлука што се однесуваат на банките, се применуваат и на штедилниците и филијалите на странски банки во Република Македонија.

5. Со почнувањето на примената на оваа одлука, престанува да важи Одлуката за доставување список на кредитни посредници („Службен весник на Република Македонија" бр. 42/2011).

6. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе почне да се применува од 01.10.2011 година.

**О бр. 02-15/VII-3/2011**
**30.06.2011 година**
**Скопје**

**Гувернер**
**и претседавач**
**на Советот на Народната банка**
**на Република Македонија**
**Димитар Богов**